# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

на Предлог-Дивидендната политика на ТЕХНОКОМЕРЦ АД Скопје

за периодот од 2021 до 2025 година

Согласно членот 384 став 7 од Законот за трговски друштва, акционерските друштва треба да имаат усвоено и објавено Дивидендна политика. Согласно член 353 став 1 алинеја 1 и член 384 став 2 алинеја 2, пак, предлог дивидендната политика ја подготвува органот на управување, а ја усвојува Собранието на акционери.

Во предложениот документ - Дивидендна политика, се наведени и објаснети целите, детерминантите, принципите, претпоставките врз кои се засновува, нејзината суштина, постапката за спроведување, следењето и известувањето, како и нејзината ревизија и обелоденување. Предложената Дивидендна политика се однесува на периодот од 2021 до 2025 година.

Имајќи ја предвид развојната фаза во која се наоѓа Друштвото, профитабилноста, нивото на задолженост и ликвидност се предлага комбиниран модел на дивидендна политика: 50,00 (педесет) денари бруто по акција секоја година, со можност за исплата и на поголем износ доколку добивката во претходната година е повисока за 20% од тригодишниот подвижен просек.

Предложената Дивидендна политика во целост се засновува врз постојната законска регулатива и врз најдобрите корпоративни практики и искуства.

**ТЕХНОКОМЕРЦ АД Скопје**

**Документ усвоен на седница на Собрание на акционери, одржано на ден ___________**

# ДИВИДЕНДНА ПОЛИТИКА

**за периодот од 2021 до 2025 година**

**Скопје, 2021 година**

**ДИВИДЕНДНА ПОЛИТИКА НА ТЕХНОКОМЕРЦ АД Скопје**

**за периодот од 2021 до 2025 година**

**СОДРЖИНА**


**Вовед** ........................................ 3

**Цели на дивидендната политика** ........................................ 3

**Детерминанти на дивидендната политика** ........................................ 3

**Принципи на дивидендната политика** ........................................ 4

**Претпоставки врз кои се засновува дивидендната политика** ........................................ 4

**Суштина на дивидендната политика** ........................................ 5

**Постапка за спроведување на дивидендната политика** ........................................ 5

**Следење и известување за дивидендната политика** ........................................ 5

**Ревизија на дивидендната политика** ........................................ 6

**Обврска за обелоденување** ........................................ 6

**Вовед**

Дивидендната политика на ТЕХНОКОМЕРЦ АД Скопје за периодот од 2021 до 2025 година, по предлог на Одборот на директори, усвоена е на седница на Собранието на акционери одржана на ден _____________.

Во овој документ се објаснуваат целите, детерминантите, принципите, претпоставките врз кои се засновува дивидендната политика, нејзината суштина, постапката за спроведување, следењето и известувањето, како и нејзината ревизија и обелоденување.

**Цели на дивидендната политика**

Тргнувајќи од битието на акционерското друштво и целта поради кои е основано, актот со кој се усвојува дивидендната политика претставува обид за оптимално хармонизирање на интересите на акционерите, на самото друштво, на менаџментот, на вработените, на кредиторите и на другите заинтересирани и засегнати субјекти.

Дивидендната политика придонесува за намалување на неизвесноста во едно крајно динамично окружување, кое е подложно на интензивни, често пати, дури и секавични промени. Таа внесува обврска за менаџментот на друштвото, своите одлуки да ги засновува, покрај врз законот и статутот, и врз принципите и целите формулирани во дивидендната политика.

Со усвојувањето на дивидендната политика и нејзиното објавување, на постојните акционери и на идните инвеститори им се озовможува одлуките за купување или отуѓување на акциите на друштвото да ги ускладат со посакуваниот временски хоризонт на вложување и со своите инвестициони цели и преференции.

Поконкретно, дивидендната политика има за цел да обезбеди:

1. предвидливост во исплатата на дивиденда во еден подолг временски период;
2. стабилно, ефикасно и транспарентно работење на друштвото без загрозување на неговата ликвидност и солвентност;
3. континуиран развој и унапредување на работењето на друштвото;
4. можност за прибавување дополнителен капитал под поволни услови за вложување во нови инвестициони проекти;
5. доволно акумулирана добивка и резерви кои можат да обезбедат успешно работење и во неповолни услови (години).

**Детерминанти на дивидендната политика**

Врз формулирањето на дивидендната политика на друштвото влијаат повеќе фактори од кои позначајни се:

1. стабилноста, односно подложноста на флуктуации на остварената добивка;
2. временскиот период на постоење на друштвото, односно развојната фаза во која се наоѓа;
3. потребата од одржување на тековната ликвидност;
4. развојните перспективи и обезбедувањето дополнителни средства за нивно финансирање од сопствени извори;
5. редовно сервисирање на долговите и обезбедување на високо ниво на кредитен рејтинг;
6. рамката која ја поставува постојната законска регулатива.

**Принципи на дивидендната политика**

1. стриктно почитување на релевантната законска регулатива;
2. балансирање на краткорочните и долгорочните интереси на акционерите;
3. поврзување на исплатената дивиденда со остварената добивка;
4. обезбедување интерес и мотивираност на акционерите за зголемување на добивката на друштвото;
5. обезбедување на финансиска стабилност и кредибилитет на друштвото;
6. благовремена исплата на дивидендата;
7. обезбедување максимална транспарентност во спроведување на дивидендната политика.

**Претпоставки врз кои се засновува дивидендната политика**

Имајќи предвид дека дивидендната политика, по дефиниција, се однесува за определен иден период и зависи првенствено од остварениот профит, особено значајно е да се наведат појдовните претпоставките врз кои таа се темели. Конкретно, среднорочната дивидендна политика на ТЕХНОКОМЕРЦ АД Скопје се засновува врз следните појдовни претпоставки:

1. остварување на профитабилност на друштвото во распон од 80% до 120% од последниот остварен тригодишен просек;
2. континуирано намалување на нивото на задолженост;

3. проширување и осовременување на работењето преку инвестирање во развојни проекти и модернизација.

**Суштина на дивидендната политика**

Друштвото секоја година ќе исплаќа дивиденда во бруто износ од 50 денари по акција.

Доколку остварената добивка на друштвото во изминатата година се зголеми за повеќе од 20% од претходниот тригодишен подвижен просек Одборот на директори може на Собранието на акционери да му предложи исплата на дивиденда повисока од 50 денари во бруто износ по акција.

Дивидендата се исплаќа од добивката од последната година или од акумулираните добивки од претходните години.

**Постапка за спроведување на дивидендната политика**

Формалниот предлог за исплата на дивидендата го утврдува Одборот на директори и му го доставува на Собранието на акционери. Предлог одлуката за дивиденда покрај износот на дивидендата содржи и информација за последниот ден на тргување на акциите на берза кое на имателот му обезбедува право на дивиденда (cum dividend), првиот ден на тргување на акциите на берза кое на имателот не му овозможува право на дивиденда (ex dividend), како и датум на кој ќе се изврши исплатата на дивиденда на квалификуваните акционери.

Конечната одлука за висината и исплатата на дивиденда ја носи Собранието на акционери.

Сумата што секој акционер ја добива како дивиденда се пресметува како производ од бројот на акции со право на дивиденда што ги поседува и нето износот на дивиденда по акција.

Персоналниот данок на доход од дивиденда го пресметува и го плаќа друштвото во моментот на исплата на дивидендата.

Исплатата на дивидендата се врши на претходно утврдениот датум на трансакциска сметка на акционерот.

По извршената исплата, секоја акционер, по писмен пат, се известува за бруто износот на дивиденда, за пресметаниот данок и за нето износот на дивиденда, како и за датумот на исплатата.

**Следење и известување за дивидендната политика**

Одборот на директори редовно ја следи дивидендната политика и најмалку еднаш годишно во Годишниот извештај за работење ги известува акционерите за нејзиното спроведување.

**Ревизија на дивидендната политика**

Дивидендната политика на друштвото е подложна на редовна ревизија, на секои пет години.

Во случај на подолготрајни драстично изменети услови на работење можна е и вонредна ревизија на дивидендната политика.

**Обврска за обелоденување**

По усвојување на дивидендната политика, и при секоја нејзина измена, во рок од дваесет и четири часа, таа се објавува на СЕИ НЕТ на Македонската берза и на официјалната интернет страница на друштвото.